Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14; 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.143/19 и 14/20), и член 27 од Законот за управување со кризи, („Службен весник на Република Македонија" бр.29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18, и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр215/21), директорот на Центарот за управување со кризи, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
за дополнување на Правилникот за внатрешна организација на Центарот за управување со кризи

**Член 1**

Со овој Правилник се врши дополнување на Правилникот за внатрешна организација на Центарот за управување со кризи бр. 01-2124/1 од 05.08.2015 година, Правилник за дополнување на Правилникот за внатрешна организација на Центарот за управување со кризи бр. 01-2531/1 од 24.06.2021 година, Правилник за дополнување на Правилникот за внатрешна организација на Центарот за управување со кризи бр. 01-2531/5 од 09.07.2021 година, Правилник за дополнување на Правилникот за внатрешна организација на Центарот за управување со кризи бр. 01-2531/16 од 13.12.2021 година и Правилник за дополнување на Правилникот за внатрешна организација на Центарот за управување со кризи бр. 01-4407/1 од 17.12.2021 година и тоа:

**Член 2**

Член 2 се менува и гласи: „За извршување на надлежностите предвидени во Законот за управување со кризи и други прописи, во Центарот се формираат едно самостојно одделение, единаесет сектори со вкупно 66 (шеесет и шест) одделенија".

**Член 3**

Во Член 4 по последниот пасус по „Сектор – Центр за обука за управувањесо кризи" во чиј состав се следните одделенија:
- Одделение за планирање, подготовки и анализи на обуки за управување со кризи, и
- Одделение за спроведување на обуки за управување со кризи – Куманово;

се додава нов пасус кој гласи:

СЕКТОР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КВАЛИТЕТ во чиј состав се следните одделенија:
- Одделение за управување на систем на квалитет и
- Одделение за следење на квалитетно спроведување на ИСО стандардите и заедничката рамка за проценка (ЦАФ).

**Член 4**

По Член 15 се додава нов Член 16 кој гласи:

**СЕКТОР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КВАЛИТЕТ**

Секторот е надлежен за извршување на следните работи и задачи:

- воведување на најмалку основниот стандард ИСО9001 – Систем за управување со квалитет, кој е меѓународен стандард кој ги дефинира барања на системот за квалитет, а во зависност од надлежностите може да се воведат и други типови ИСО или македонски стандарди кои ќе го надополнуваат основниот стандард, а се однесуваат на спецификите на Центарот за управување со кризи;

- Управување со квалитетот кој опфаќа системска и континуирана примена на различни инструменти во Центарот за управување со кризи, со цел унапредување на работењето и обезбедување на подобри услуги кои се во согласност со потребите не граѓаните.

- Со примената на инструментите за управување со квалитет да се овозможи осознавање на потребите на граѓаните и да се интегрираат нивните барања во работењето на Центарот за управување со кризи.

- Воведувањето на инструментите за управување со квалитет во Центарот за управување со кризи вообичаено подразбира воведување на организациски промени, обезбедување на силна поддршка од раководството, вложување на многу напори во промовирањето на квалитетот, воспоставување на силна соработка помеѓу различни засегнати страни во и надвор од јавната администрација.

- Континуирано подобрување на работата и организациските процеси, унапредување на мотивацијата и следење на работењето кај вработените, како и подобрување на испораката на услугите.

- Определување на Политиката за квалитет во Центарот за управување со кризи;

- Дефинирање на одговорности и овластувања во Центарот за управување со кризи;

- Дефинирање на Цели за квалитет;

- Одговорно планирање, управување и реализација на процесите и промовирање на култура на извонредност на институцијата, согласно меѓународниот стандард ИСО 9001, Заедничката рамка на процена – ЦАФ и други стандарди за квалитет во јавниот сектор;

- Планирање и дефинирање на потребни обуки за персоналот и обезбедување на ресурси;

- Реализирање на барањата на надлежните органи;

- Контрола на неусогласена услуга;
- Дефинирање на корективни мерки за надминување на неусогласената услуга;
- Мерење, анализа и подобрување на услугата.
- Подобрување на перформансите на деловните процеси, општо опфаќа јасна дистрибуција за овластување на одговорностите, подобрување на продуктивноста и ефикасноста, скратување на времето на одлучување, континуирано подобрување на процесите и намалување на трошоците во работењето.
- За својата работа изработува анализи, информации и други материјали.

**Одделение за управување на систем на квалитет**

Во Одделението за управување на систем на квалитет се вршат работите што се однесуваат на:

- Одделението за управување на систем на квалитет е одговорно за воспоставувањето на соодветен систем за обезбедување на квалитет на процесите;
- имплементирање, одржување и континуирано подобрување на системите за квалитет во Центарот за управување со кризи;
- подготовка на внатрешни процедури за обезбедување на квалитет во работењето и вршењето на контрола во работењето;
- проверка на квалитетот на документите од спроведените евалуации;
- анализирање на најчестите грешки, подготвување на анализа на научени лекции и давање на препораки до вработените во Центарот за управување со кризи заради подобрување на квалитетот на работење, зголемување на ефикасноста во работата;
- изработка на анализи, информации и други материјали во врска со работата на одделението;
- Одделението во рамките на своите надлежности дава стручно техничка поддршка и соработува со сите организациски единици во Центарот за управување со кризи преку дефинирање на цели за квалитет, активности на ревидирање на документацијата согласно барањата на стандардот, интерни проверки, изготвување на извештаи од интерни проверки, утврдување на неусогласености, дефинирање корективни мерки, дефинирање и евалуација на ризици, анализа на задоволството на корисниците на услугите на Центарот за управување со кризи, преиспитување на контекстот на организацијата, спроведување на процес на преиспитување на врвното раководство, како и спроведување на редовна и ресертификациска проверка на системот за менаџмент со квалитет со учество на надворешно сертификациско тело.
- Одделението ги следи сите новини и достигнувања во областа на системите за квалитет.

**Одделение за следење на квалитетно спроведување на ИСО стандардите и заедничката рамка за проценка (ЦАФ)**

Во Одделението за следење на квалитетно спроведување на ИСО стандардите и заедничката рамка за проценка (ЦАФ) се вршат работите што се однесуваат на:

- следење и примена на законите и другите прописи во врска со ИСО стандардите и заедничката рамка за процена (ЦАФ);
- имплементација на ИСО стандардите – ИСО 9001/2015 за квалитет, кој е меѓународен стандард кој ги дефинира барања на системот за квалитет, а во зависност од надлежностите може да се воведат и други типови ИСО или македонски стандарди кои ќе го надополнуваат основниот стандард, а се однесуваат на спецификите на Центарот за управување со кризи;
- следење и контрола на спроведувањето на ИСО стандардите во Владата на Република Северна Македонија;
- дава информации на директорот на Центарот за управување со кризи за спроведувањето на ИСО стандардите и заедничката рамка за проценка (ЦАФ);
- оценка на значајни фактори на ризик и дава совети на државните советници и раководителите во Центарот за управување со кризи;
- подготовка на извештаи за спроведување на ИСО стандардите;
- следење и имплементација на планот за подобрување и евалуација на аутпутите и исходите;
- соработува со другите Сектори во Центарот за управување со кризи;

**Член 5**

Членовите 16, 17, 18 и 19 стануваат Член 17, 18, 19 и 20.

**Член 6**

Овој Правилник влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се применува по добиената согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

**Бр.________________/___**

**__________________2023 година.**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ
QENDRA PËR MENAXHIM ME KRIZA
Бр. 01-1831/1
24.07.23 20 год.
СКОПЈЕ-SHKUP

**ДИРЕКТОР**
**Стојанче Ангелов**